ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **10.12.2018 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општината **Борјанчо Мицевски**, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Иван Велиновски** Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Советник за правни работи и застапување **Мартин Николовски**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### Градоначалник

Дадени се насоки до ЈП Комуналец за оспособување и сервисирање на идентификувани неисправни хидранти и оспособување на пристапите до истите.

Дадено е задолжение за комплетирање на активностите на пополнување на процесни картици во рамките на системот за управување со квалитет, со акцент на Одделението за урбанизам, сообраќај

и заштита на животната средина и Одделението за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија.

Дадени се насоки до ЈП Комуналец во координација со Одделението за инспекциски надзор, преку комуналните редари, неодложно да пристапат кон изготвување и доставување на опомени до сите домаќинства кои немаат приклучок на канализзациона мрежа и исфрлаат отпадни води во речниот слив, веднаш да пристапат кон поднесување на барање за приклучок на соодветната канализациона мрежа и да бидат воведени во начинот на тарифирање на ЈП Комуналец, а во спротивно истите ќе подлежат на соодветни правни санкции, поради загадувањето на животната средина кое што го вршат.

Дадено е задолжение до ЈП Комуналец во рамките на активностите за зимско одржување, превентивно, секоја вечер да вршат опесочување и насипување со абразивни материјали на сите потенцијални критични места на коловозите во урбаното градско подрачје.

Дадено е задолжение до Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура, да се стапи во контакт со изведувачот КООП Инжинеринг и да се дадат соодветни насоки за итно и неодложно тампонирање на патот во долот во нас.Куков Дол (м.в.Бантова продавница па надолу низ долот), од каде што ќе треба да се извадат бетонските коцки, кои да бидат одложени и искористени таму каде што има потреба за тоа.

Дадено е задолжение до Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура, во координација со ЈП Комуналец за отстранување на земјен шут од училишниот двор во ООУ Илинден.

Дадени се насоки за отпочнување со активности за новогодишно украсување на урбаното градско подрачје, а во согласност со договорот за услуга, потпишан со изведувачот.

Дадено е задолжение за отстранување на оштетената сообраќајна сигнализација на сите локации каде што гравитира таква сигнализација и замена на оштетените сообраќајни знаци со нови и исправни.

Дадени се насоки за проверка пред потпишувањето на содржината на договорот со ЛУ Градски Музеј Крива Паланка за користење на објект во с.Градец, доделен врз основа на одлука на Советот на Општина Крива Паланка.

Дадена е насока за изнаоѓање на начини за поплочување со бекатон плочки на делот од улицата во непосредна близина на м.в.Самсара (кон професорот Роберт Цветковски), во координација помеѓу Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура и ЈП Комуналец Крива Паланка.

Дадени се насоки за подготовка и доставување на точна листа на проекти со целосно готова проектна документација кои се однесуваат на инфраструктурни објекти во населба Единство во Крива Паланка.

---

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Информација во врска со реализирана исплата по спогодби на вработените во ТППЕ Крива Паланка и исплата на платите за месец Ноември.

Информација во врска со подготвена евиденција за побарувањата по основ на неплатен надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, поради што и самите предмети не се затворени како такви, односно не се издадени соодветни решенија за легализација.

Информација во врска со направена нарачка на инвентарни броеви, по кое ќе се пристапи кон попишување на ситниот инвентар.

Истакната е предлог за ревидирање на базата на податоци на даночните обврзници по основа на даноци на имот.

Дадени се насоки за овластување на лица вработени во ова одделение кои работат на даноци на имот, да имаат задолжение во системот да внесуваат податоци за потенцијално нови даночни обврзници на данок на имот, заради полесна проверка на поднесените даночни пријави и полесен увид во новостекнатито имот на даночните обврзници.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со подготовката на решенија за одбивање на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

Информација во врска со вратени корекции од проектантот за сообраќаен проект.

Информација во врска со текот на постапката за донесување на ДУП за урбан блок 4-А и 7-А, закој што Комисија за урбанизам ќе треба да даде дополнителни согледувања.

Истакната е потребата од свикување и одржување на итен состанок на сите инженери вработени во општината на ден 10.12.2018 годин, а со цел разгледување на потребата, погодностите и ризиците од воведување на АУП.

Информација во врска со текот на постапката за утврдување правен статус на бесправно изграден објект во училишниот двор во СУО Ѓорче Петров, со акцент на изнаоѓање начин за позитивно решавање на конкретниот предмет.

Информација за отпочнати активности за нумерирање на приоритетни улици со поставување на куќни броеви (со акцент на улиците „8-ми Октоомври“ и „Илинденска“).

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова Одделение.

---

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Информација во врска со потребата од постапување по мноштво од нерешени барања на граѓаните, кое да се реализира најдоцна до крајот на календарската година.

Информација во врска со проектната апликација за речното корите поднесена преку Центарот за развој на СИПР.

Информација во врска со завршена санација на мостовите во с.Подржи Коњ.

Информација во врска со потребата од изготвување на проект за измени во тек на градба и проект на изведена состојба во однос на проектот за регулација на Скрљавски ДОл и проектот за изградба на водовод во с.Луке.

Информација во врска со планиран состанок на претставници на надзорот и претставници на изведувачот „Стојменов“ на ден 11.12.2018 година за надминување на пречките и продолжување со стопираните градежни активности.

Информација во врска со тековното проектирање на повеќе проекти од страна на проектантот ЕУРО РОАД ДИЗАЈН.

Информација во врска со усвоени годишни програми за 2019 година на изминатата седница на Советот на Општина Крива Паланка.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за правни и општи работи**

Информација во врска со тековни тендерски постапки за новогодишно украсување и набавка на материјали за училно осветлување со резиме за исходот од истите.

Информација во врска со подготовка на одлуки и заклучоци кои произлегуваат од последната одржана Седница на Советот на Општина Крива Паланка.

Информација во врска со изготвен записник за извршено воведување во владение на закупецот на објектот во с.Огут.

Информација во врска со завршена постапка за утврдување на пазарната вредност на објекти во сопственост на општината и донесени одлуки на Советото, по кое да се пристапи кон објава на јавен оглас за нивно давање под закуп на деловни субјекти или физички лица.

Информација во врска со изготвени реални акти од страна на вработените во ова одделение.

Дадена е насока за планирање на седница на Советот на Општината на ден 28.12.2018 година, со акцент на крајниот рок за достава на материјалите на 18.12.2018 година, како и датумот за одржување на координација на 21.12.2018 година.

Информација во врска со динамиката на реализацијата на тековната достава и доставата на решенија за даноци на имот.

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.

---

**Одделение за инспекциски надзор**

Информација во врска со спроведени тековни увиди на лице место од страна на инспекциските служби во текот на изминатата работна недела, со акцент на активностите на овластениот градежен инспектор кој издал налог за отстранување на времени бараки на локацијата во близина на Кафеана Шкембо и овластениот комунален инспектор, кој извршил увид на лице место на локалитетот Тораница, во присуство на претставници од Министертсвото за животна средина и просторно планирање.

Информација во врска со активностите на ангажираните општи работници, со акцент на завршените работи во м.в.Чука, како и моменталното нивно ангажирање како помош на вработените во ЈП Комуналец во чистење на тротоарските површини од снежни наневи.

Информација во врска со активностите на комуналните редари за преземање на низа мерки и активности од нивна надлежност.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

---

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со тековните проблеми со возниот парк на ова претпријатие.

Информација за чистење на коловози и тротоарски површини од снежните наневи.

Информација во врска со поставена еластична ограда (банкина) на три критични точки на патниот правец кон локалитетот Калин Камен.

Задолжение за доставување на 1м3 абразивен материјал во с.Подржи Коњ заради превенција на патниот правец од несакани последици од појава на голомразица.

Задолжение за задолжително и тековно чистење на тротоарите од снежни навеви, но и соодветно одлагање и дислокација на насобраната количина на снег.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

---

**ЛУ Градски Музеј**

Информација во врска со подготовката на проектна апликација преку Амбасадата на Германија за реконструкција на школото во с.Градец, но дури откако ќе бидат обезбедени потребните податоци.

Информација во врска со изготвен договор за уредување на начинот на користење на објектот во с.Градец, даден на користење на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка со одлука на Советот на Општина Крива Паланка.

Задолжение за подготовка на концепт и планирање на содржини за новогодишна програма, во координација и соработка со Одделението за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија.

Информација во врска со други тековни активности.

---

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**10.12.2018 година, Крива Паланка**